# Кратка информација за извозници согласно Европската Регулатива (EEC) 834/07, US National Organic Program (NOP), и толкувањето на стандардот од страна на ПРО ЦЕРТ КОНТРОЛА И СЕРТИФИКАЦИЈА

## 1. Извоз на органска храна:

- ❖ Мора да обезбеди следливост и транспарентност
- ❖ Бара добар систем за документација.

## 2. За кои извозници е потребна сертификација како органски извозници:

Различни толкувања постојат во врска со ова:

| | **Барана сертификација во согласност со ...** | |
|---|---|---|
| | **ЕУ Регулатива** | **NOP** |
| **Шпедитерите** кои не стануваат сопственици на производот | Не | Не |
| **Трговци** или извозници кои го купуваат или продаваат производот, без препакување или преозначување | Да, според најмногу ЕУ авторитети | Не |
| **Постапувачи** кои го препакуваат или означуваат производот | Да | Да |

## 3. Потекло на органските производи:

- ✓ Извозниците мора да имаат копија од **валидни органски сертификати** од сите добавувачи
- ✓ Само производите од **ЕУ** сертификуваните добавувачи може да се продаваат на пазарот во ЕУ, додека производите од американскиот пазар мора да бидат **NOP** сертификувани.

## 4. За извозници кои препакуваат или означуваат:

- ✓ Со оглед дека, пакувањето или означувањето се сметаат за операции на “преработка”; , извозниците во оваа категорија треба да ја консултираат на нашата “Кратка информација за органски преработки”

## 5. Извозници кои не пакуваат или означуваат:

- ✓ Извозниците во оваа категорија мора да ги исполнуваат сите барања предвидени со (5), (6) и (7) од нашата “Кратка информација за органски преработки”, кои се однесуваат на документирање, следливост и етикетирање (означување).

! *Водете сметка дека ова е само поглавје за основните барања за органски стандарди, како вовед. Операторот, секако, треба да биде запознаен и да ги исполни сите барања за односниот стандард.*